# ПОВИК ЗА ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА И ФИНАЛИЗИРАЊЕ НА POLICY BRIEF

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ – Скопје, во рамките на своите активности за поддршка на младите Роми, објавува повик за техничка подготовка и финализирање на Policy Brief.

**<u>Опис на активноста</u>**

Активноста има за цел техничка подготовка и финализирање на Policy Brief кој се однесува на бариерите и предизвиците со кои се соочуваат младите Роми при транзицијата кон пазарот на трудот.
Активноста опфаќа:

- Лекторско уредување на текстот;
- Графичко обликување и дизајн на Policy Brief;
- Печатење и подготовка на примероци за дистрибуција до релевантни чинители и заинтересирани страни.

Сервисот може да се изврши и делумно (само лектура, или само дизајн, или само печатење), или целосно за сите три компоненти. Активноста ќе придонесе за финализирање на документот во професионална форма, подготвен за користење од страна на институции, носители на одлуки и други релевантни чинители

**<u>.Цели на активноста</u>**

- Да се обезбеди стручна лекторска обработка на текстот за јасност, стил и граматика;
- Да се овозможи визуелно уреден и професионално дизајниран документ кој е лесен за читање и користење;
- Да се изработат примероци за печатење и дистрибуција до релевантни чинители;
- Да се поддржи достапноста и ефективноста на Policy Brief како алатка за поддршка на политики и програми за младите Роми;
- Да се овозможи флексибилност во извршувањето на активностите – можност за аплицирање и за делумна и за целосна техничка поддршка.

**Обем на работата:**

Апликантот (физичко лице или правно лице/фирма) може да понуди:

- Лекторска обработка на текстот на Policy Brief;
- Графичко обликување и дизајн на документот;
- Печатење на примероци за дистрибуција.

Работата може да се изврши за една или повеќе компоненти, а сите активности треба да бидат завршени согласно договорениот рок.

**Потребни квалификации:**

**За лекторска обработка:**

- Соодветно образование и искуство во лекторирање на текстови;
- Одлично владеење со македонски јазик, граматика и стил;
- Способност за навремено и квалитетно завршување на задачите.

**За графички дизајн:**

- Искуство со дизајн на документи и визуелна обработка на текстови;
- Познавање на соодветни софтверски алатки (InDesign, Illustrator, Canva и сл.);
- Креативен пристап и чувство за визуелна прегледност и читливост.

**За печатење:**

- Искуство во печатење и подготовка на печатени материјали;
- Способност за изработка на примероци во договорен формат и количество;
- Познавање на материјали и технологии за квалитетна изработка.

**Општи услови:**

- Флексибилност за извршување на делумни или целосни услуги;
- Способност за навремена координација со тимот на Ромаверзитас;
- Посветеност на професионални и етички стандарди.

**Потребни документи**

- Кратка биографија или презентација на фирмата со релевантни искуства;
- Дополнителна документација која кандидатот или фирмата смета дека ќе ја поддржи апликацијата.

**Начин за пријавување**

Документите се доставуваат на e-mail: office@romaversitas.org.mk, најдоцна до 26.02.2026, со назнака: „Апликација за техничка подготовка и финализирање на Policy Brief" или директно во канцелариите на Ромаверзитас.

Апликантот може да понуди изработка на една од компонентите (лектура, графички дизајн или печатење) или на сите три заедно.

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.